

# ЛОКАЛНА СТРАТЕГИЈА за МЛАДИ

## на Општина Кисела Вода



2023 – 2027

# Локална стратегија за млади на Општина Кисела Вода

## за период од 2023 година до 2027 година

Скопје, март 2023 година

# СОДРЖИНА

**ИЗВРШНО РЕЗИМЕ** ..... 4

**ПРОФИЛ НА ОПШТИНАТА** ..... 7

**1. Анализа на состојбата** ..... 10

**2. СТРАТЕШКА РАМКА** ..... 21

2.1 Младинско учество ..... 21

2.2 Младинско информирање ..... 22

2.3 Младинска работа ..... 22

2.4 Образование ..... 23

2.5 Култура и спорт ..... 24

2.6 Здравје ..... 25

2.7 Претприемништво и поддршка при вработување ..... 26

2.8 Безбедност ..... 27

**3 УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ** ..... 28

**4 МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА НА СТРАТЕГИЈАТА** ..... 30

**5 КОМУНИКАЦИЈА И ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ** ..... 31

**НАСЛОВ НА ПУБЛИКАЦИЈАТА**
Локална стратегија за млади на Општина Кисела Вода 2023 - 2027

**ИЗДАВА**
Општина Кисела Вода

**ЗА ИЗДАВАЧОТ**
Орце Ѓорѓиевски, Градоначалник

**ТИРАЖ**
100 примероци

**ДИЗАЈН**
Бригада дизајн

Проектот е финансиран
од Европската Унија

Оваа публикација е подготвена со финансиска поддршка на Европската Унија. Содржината на ова издание е единствена одговорност на авторите и не секогаш ги одразува погледите или ставовите на Европската Унија.

## ОПШТИНА

## ГРАДОНАЧАЛНИК



**Орце Ѓорѓиевски**

gradonacalnik@kiselavoda.gov.mk

ул. Петар Дељан 17
телефон: ++38922785400
факс: ++38922770210
**www.kiselavoda.gov.mk**

# ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

Локалната стратегија за млади на општина Кисела Вода е повеќе од важен документ за младите во општина Кисела Вода. Таа ги поставува основните принципи и насоки за акција на сите чинители во општината што ќе води кон подобрување на социо-економската положба на младите во Кисела Вода и кон создавање на средина која ќе им овозможи на младите да ги остварат своите права, потреби и интереси. Преку имплементацијата на стратегијата, младите во општина Кисела Вода ќе учествуваат во креирањето и спроведувањето на политиките кои директно ги засегаат, преку еднакви можности, слобода на изразување, зголемување на квалитетот на живот, повеќе и поквалитетни работни места.

Стратегијата за млади на Општина Кисела Вода 2023 – 2027 година, беше подготвена во соработка со Коалиција на младински организации СЕГА, во согласност со Законот за младинско учество и младински политики. Подготовката на оваа стратегија беше поддржана во рамките на Проектот „Младинско учество за силен и одржлив развој на заедницата“, финансиран од Европската Унија. Проектот го спроведува Коалиција на младински организации СЕГА во партнерство со СОС Детско Село, Волонтерски Центар Скопје и Женски Форум Тетово. При процесот на креирање на стратегијата, експертска поддршка обезбеди консултантската компанија „Стратешки Менаџмент Системи“.

За изработка на оваа стратегија, а согласно досегашната социјална, политичка и етичка практика, терминот млади се однесува на сите лица на возраст од 15 до 29 години. Тоа е категорија која во себе носи огромен потенцијал, како клучен ресурс за општествен напредок, но и особена ранливост на социо-економските промени во општеството. Оваа стратегија се базира на определбата да се работи за и со младите и да им се овозможат услови во кои младите во општина Кисела Вода ќе можат да го достигнат сиот свој потенцијал како активни граѓани кои придонесуваат не само за својот личен и професионален развој, туку и за развојот на целото општество. Со цел структурирано да се пристапи во прашањата поврзани со младите, интервенциите предложени во оваа стратегија се поделени во осум клучни области, и тоа:

- младинско учество
- младинско информирање
- младинска работа
- образование
- култура и спорт
- претприемништво и поддршка пред вработување
- здравје
- безбедност

За изработка на  Локалната стратегија за млади во општина Кисела Вода и воедно исполнување на целите на стратегијата беше применета комбинирана – квалитативна и квантитативна истражувачка методологија. Истражувањето се засноваше на следните методи и техники:

- **Интервју** – се спроведоа 2 (две) индивидуални интервјуа со цел да се добие посеопфатна слика за условите на младите, нивните потреби и предизвици
- **Фокус група** – реализирана беше една фокус група со 17 млади лица
- **Анкета** - беше подготвен и реализиран онлајн прашалник преку алатката Survey Monkey на македонски и на албански јазик.

Истражувањето покажа дека во општина Кисела Вода можат да се идентификуваат 6 (шест) групи на млади и тоа:

- Млади во средно училиште / средношколци
- Студенти
- Студенти кои не се жители на општината
- Млади кои не се жители на општината (кои не се студенти и ученици, а живеат во општината)
- Млади лица со попреченост
- Лица до 29 години кои не се споменати претходно

Во рамките на подготовката и имплементацијата на стратегијата се утврдија повеќе локални чинители кои имаат важност и влијание врз исполнување на Локалната стратегија за млади, како општината Кисела Вода, Советот на општината, Локалниот младински совет, политичките партии, Агенција за вработување, полициските станици и граѓанските организации.

Анализата која беше направена покажа дека силните страни од аспект на локална самоуправа, а кои се поврзани со млади се постоењето на Културниот дом „Биљана Беличанец" кој вклучува библиотека, административни канцеларии, музичка просторија, како и простории за озвучување на настаните, за костими, за сценографија, за вежбање, проби, организирање изложби итн. Како силна страна на општината е и студентскиот дом каде се сместени средношколци и студенти кои учат во Скопје, а се од внатрешноста на Македонија. Како позитивна страна е исто така што во Општина Кисела Вода има 2 средни училишта каде што циркулираат млади од сите делови од Градот Скопје, а дел и од внатрешноста на државата. Според тоа, при прибирање на мислења од млади кои циркулираат во Општината се добива поопшта и објективна слика и визија во која се содржани мислења од млади кои доаѓаат од различни краеви и околини.

Истовремено, анализата по возрасни групи покажува дека младите од различни возрасни категории во Општина Кисела Вода имаат различни приоритети. За најмладите од средношколска возраст (од 15–18 години) најголем приоритет треба да има прашањето за безбедноста на младите и здравјето на младите, додека најмал младинското учество во носење на јавните политики. Младите на возраст од 19–22 години сметаат дека општината треба да обрне повеќе внимание на младинското претприемништво, а помалку на младинското учество во носење на јавните политики.

За разлика од двете најмлади возрасни групи, за младите од 23–26 годишна возраст младинското учество во носење на јавните политики треба да е приоритет на општината заедно со образованието на младите. За оваа возрасна група младинската работа е нешто што треба да биде најмал приоритет од наведените.

За младите на возраст од 27–29 години образованието треба да биде главен приоритет на општината, додека најмал приоритет гледаат во безбедноста на младите и младинската работа.

Истражувањето кое се изработи покажа дека општината најмногу треба се фокусира на 3 приоритети, и тоа подобрување на образованието, здравјето на младите и безбедноста на младите. Идентификуваните предизвици исто така се однесуваа на мал број на концерти во општината, непостоење на дискотека, непостоење на јавна библиотека и недостаток на зелени површини и паркови. Во делот на спортот предизвиците се идентификувани во недостиг на доволно спортски терени, недостиг на базен, недоволно трим патеки и спортски сали. Во однос на здравјето како предизвици се идентификуваа булингот и психичкото насилство, физичкото насилство како и врсничко насилство. И во последниот приоритет претприемништво и поддршка пред вработување, предизвиците вклучуваат мал број на отворени работни места за млади, непознавање на странски јазици потребни за вработување, се нудат работни места со мали плати и несоодветни образовни програми кои не кореспондираат со потребните вештини за пазарот на труд.

Локалната стратегија за млади дефинираше стратешки цели и мерки кои треба да се исполнат за подобрување на положбата на младите. Целите и мерките ги опфаќаат сите горенаведени 8 приоритети за кои се спроведе истражувањето во согласност со ставот на работната група.

# ПРОФИЛ НА ОПШТИНАТА

Општина Кисела Вода е една од 10–те општини во градот Скопје. Зафаќа површина од 46,86 km2 и се простира во јужниот и југоисточниот дел на Скопската котлина. Според податоците од последниот попис на територијата на Општина Кисела Вода во 2021 година има 61 965 жители, од кои 9844 се млади на возраст од 15 – 29 години. На територијата на Општината функционираат 13 месни заедници. Центар на неговата Општина е истоимената населба Кисела Вода и населбите: 11 Октомври и Цветан Димов. Во непосредна околина се наоѓаат населбите Чешма и Бирарија, на ниските делови од северната страна на планината Водно се наоѓаат и населбите Црниче и Пржино и во источниот дел населбите Припор и Усје. На источниот дел од Општината се наоѓаат населбите: Пинтија и Драчево. Општината Кисела Вода се граничи со градските општините: Центар, Карпош и Аеродром, како и со вонградските општини Студеничани и Сопиште.

**Мисијата на Општина Кисела Вода** е континуирано и одржливо економски да се развива преку континуирано унапредување на стандардот и условите за живот на граѓаните во општината. Преку унапредување и создавање на средина која ќе обезбедува економска и социјална благосостојба, безбедност, здрава околина и раст преку ефикасно и ефективно управување на расположливите ресурси.

**Визија на општина Кисела Вода** е општината да биде модерно место за живеење со максимална искористеност на сите предностите на урбаниот живот.

На територијата на Општина Кисела Вода постојат осум основни училишта и две детски градинки. Основни училишта се:

- ОУ “Круме Кепески”,
- ОУ “Кирил Пејчиновиќ”,
- ОУ “Невена Георгиева – Дуња”,
- ОУ “Партенија Зогравски”,
- ОУ” Кузман Јосифовски – Питу”,
- ОУ” Рајко Жинзифов”,
- ОУ” Кузман Шапкарев”,
- ОУ” Св.Климент Охридски”,

Детски градинки се вкупно 2 со 8 издвоени објекти односно клонови: - “8–ми Март” и - “Весели Цветови”. На територија на Општината се наоѓа најголемото средно училиште во државата “Васил Антевски-Дрен” со правна и економска насока и капацитет од околу 1000

ученици. Покрај него постои и средното ветринарно училиште “Браќа Миладиновци” и средното теолошко училиште. Образованието и културата се посебни сегменти, опфатени од општинската администрација со низа програмски проекти. За воспитување и образование на децата со посебни потреби од 7 до 15 години се грижи специјалното училиште “Др. Златен Сремац”, а за потребите на деца и младинци со оштетен вид, слух и посебни потреби се грижи Заводот за рехабилитација.

Во Општината егзистираат неколку културни домови, аматерски театарски групи, музички здруженија и фолклорни друштва. Значајни се фолклорните ансамбли “Зограф”, “Александар Македонски”, “Китка” и “Питу Гули”. На територија на Општина Кисела Вода, активни се следните здруженија:

- Здружение на граѓани за одржлив развој и заштита на животната средина ГОУ ГРИН Скопје
- Зелен Хуман Град
- На точак
- Здружение на граѓани за истражување, едукација, промоција и лобирање на теми од животната средина-Скопје
- Здружение на граѓани за подршка на шумарството и животната средина ТРИФОР--Скопје
- Македонски центар за ЗАШТИТА И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНАСкопје
- Здружение за заштина на животната средина и просторно планирање ПЛАНКТОНИУМ, Скопје
- Здружение на граѓани за заштита на животната средина-ЧЕТИРИ ЕЛЕМЕНТИ-Скопје
- Еколошко друштво „ЧЕШМА СВ.ПЕТКА
- Здружение истражувачко друштво УРСУС СПЕЛОС- Скопје
- Волонтерски центар-Скопје

| Вкупно резидентно население по 5 годишни возрасни групи и пол, според типот на населеното место, по општини, Попис 2021 | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Пол - ВКУПНО | Мажи | Жени |
| | | Тип на населено место - ВКУПНО | Тип на населено место - ВКУПНО | Тип на населено место - ВКУПНО |
| Кисела Вода | 15-19 | 2996 | 1498 | 1498 |
| | 20-24 | 3131 | 1583 | 1548 |
| | 25-29 | 3717 | 1905 | 1812 |
| | | **9844** | **4986** | **4858** |

Вредностите во Општина Кисела Вода се од особено значење за секоја индивидуа и за секоја општина. Со цел да се обезбеди успех како на личен план така и на организациско ниво, вредностите треба да се практикуваат секојдневно и да бидат втемелени во сите процеси и услуги. Со вредностите се креира иднината во која младите сакаат да живеат и тоа се случува преку процесот на донесување одлуки, во кои се втемелени вредностите на општината. Одлуките кои континуирано секојдневно се донесуваат се одраз на практикуваните вредности и верувања, и секогаш се насочени кон специфична цел која се сведува на задоволување на индивидуалните или општинските потреби:

- **Професионалност** – младите манифестираат професионално однесување во своето секојдневно работење кое вклучува почит кон сите засегнати страни и животната средина, навремено соодветно реагирање, емпатија и интегритет.

- **Стручност** – младите се стремат да бидат високо стручни во својата област и да ги имаат последните и најнови информации релевантни во својот домен на експертиза.

- **Посветеност** – работите се извршуваат со максимална посветеност кон исполнување на зацртаните цели.

- **Одговорност** – секој од младите презема пред сѐ лична одговорност за своето работење и донесените одлуки, и ги прифаќа последиците од соодветните акции и одлуки, исто така и луѓето кои работат со млади се одговорни и посветени.

- **Отчетност** – за сите активности и проекти за младите, Општина Кисела Вода дава извештај за својата работа и постигнувањата пред младите на лесно достапен и разбирлив начин.

- **Инклузивност** – Општина Кисела Вода со гордост е во служба на сите млади на територијата на Општина Кисела Вода, без оглед на нивната верска определба, возраст, пол, националност, сексуална ориентација, политичка определба и/или посебни потреби.

- **Достапност** –О пштина Општина Кисела Вода со гордост се става во служба на младите и е на располагање за нивни определени потреби, кон кои се пристапува со внимание и соодветна почит.

# 1. АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА

Со цел успешна изработка на Локалната стратегијата за млади во општина Кисела Вода, истражувачкиот тим примени комбинирана – квалитативна и квантитативна истражувачка методологија. Поточно, истражувањето се засноваше на следните методи и техники:

- **Интервју** – Со цел да се добие посеопфатна слика за условите на младите, нивните потреби и предизвици низ призмата на локалната самоуправа се спроведоа 2 (две) индивидуални интервјуа, од кои едно со член на Советот на Општина Кисела Вода (задолжен за младински прашања) и едно со член на иницијативниот одбор за формирање на Локален младински совет во Општина Кисела Вода.

- **Фокус група** – реализирана беше една фокус група со 17 млади лица, меѓу кои 3 средношколци, 3 студенти, 4 претставници од Општина Кисела Вода, 4 млади претставници од здруженија и 3 претставници од јавни институции (основно училиште, Центар за социјална работа). Целта на фокус групата беше да се дефинираат проблемите со кои младите се соочуваат во своите локални заедници, да се изберат приоритети и да се посочат предлог остварливи решенија.

- **Анкета** - Со цел испитување на мислењето на поголем број млади лица од Општина Кисела Вода, се спроведе онлајн прашалник преку алатката Survey Monkey на македонски и на албански јазик. Прашалникот се состоеше од вкупно 48 прашања и истиот е пополнет од вкупно 185 млади испитаници (на возраст од 15-29 години) од Општина Кисела Вода.

Врз основа на истражувањето беше изработена анализа на податоците во која се мапирани проблемите и предизвиците со кои се соочуваат младите во Кисела Вода и се дефинирани приоритетни области на коишто младите сметаат дека треба да се заснова идната Локална стратегија за млади на Општина Кисела Вода.




**Графикон 1.** Преглед на испитаници според возраст

Истражувањето кое се изработи покажа дека општината најмногу треба се фокусира на 3 приоритети, и тоа подобрување на образованието (46,49 %), здравјето на младите (45,95 %) и безбедноста на младите (41,62 %).

**Според вас, кои се најзначајни 3 приоритетни области на кои треба да работи вашата општина со цел подобрување на животот на младите?**




**Графикон 2.** Приоритетни области за подобар живот на младите

Компаративната анализа по возрасни групи покажува дека младите од различни возрасни категории во Општина Кисела Вода имаат различни приоритети. За најмладите од средношколска возраст (од 15–18 години) најголем приоритет треба да има прашањето за безбедноста на младите (52 %) и здравјето на младите (50%), додека најмал младинското учество во носење на јавните политики (16 %).

Младите на возраст од 19–22 години сметаат дека општината треба да обрне повеќе внимание на младинското претприемништво (56 %), а помалку на младинското учество во носење на јавните политики (24 %).

За разлика од двете најмлади возрасни групи, за младите од 23–26 годишна возраст младинското учество во носење на јавните политики треба да е приоритет на општината заедно со образованието на младите (53 %). За оваа возрасна група младинската работа е нешто што треба да биде најмал приоритет од наведените (21 %). За 60% од младите на возраст од 27–29 години образованието треба да биде главен приоритет на општината, додека со најниски 25% приоритетот го гледаат во безбедноста на младите и младинската работа.

Истражувањето покажа дека повеќе од 1/3 од испитаниците слободното време најчесто го користат за пиење кафе со пријателите (35,14 %). Втора најчеста активност е спортувањето со 20,54 % од одговорите, додека социјалните мрежи го заземаат третото место (17,84 %).

Во делот на младинскиот активизам и младинска работа, она што загрижува е дека младите од Кисела Вода не покажуваат значаен интерес за активирање во граѓанскиот сектор (2,16 %) ниту за посета на младински клубови (2,70 %), а и ретко се вклучуваат во помагање во заедницата (3,24 %).

Ниту еден испитаник од младите на возраст од 23–26 години, не одговорил дека во слободно време се активира во граѓански организации, а мал процент се вклучуваат во младински клубови и во културни активности (по 2%). Ниту еден испитаник од оваа возрасна група не одговорил дека во слободно време помага во заедницата. 71,35 % од испитаниците не членуваат во граѓански/младински организации. Иако 10,27 % од испитаниците одговориле дека во моментов членуваат во граѓанска организација, може да се претпостави дека добар дел од младите само формално членуваат во некоја организација, без нивен активен ангажман.




**Графикон 3.** Членство во граѓанска/младинска организација

Истражувањето покажа дека само 14,05 % од испитаниците сметаат дека младите се активно вклучени во процесите на одлучување во рамки на општината, додека најголем дел (61,08 %) не се запознаени со ова прашање. Учесниците на фокус групата посочуваат дека “Младите малку се заинтересирани да учествуваат во процесот на носење на одлуки, сметајќи дека нивниот глас нема да биде слушнат”.

Во делот на информирање 74 % од испитаниците одговориле дека младите сакаат да се информираат и дека младите повеќе се информирани за своите права во училиштето (56 %), отколку за правата во локалната заедница (32 %). Нешто помалку од 1/3 сметаат дека општината ги пренесува информациите на соодветен начин/ канал, но само 18% посочуваат дека општината редовно информира за можностите за млади. Најчест извор на информирање за младите лица од Општина Кисела Вода се социјалните мрежи (83 %), по

што следат врсниците (60 %), пријателите/роднините (56 %). Само 7 % од испитаниците одговориле дека често ги користат граѓанските организации како извори на информирање.

**Колку често се информирате преку следните извори?**




**Графикон 4.** Извори на младинско информирање

Младите од Кисела Вода никогаш (58 %) или ретко (34 %) се информираат од службеникот за млади во општината, а ретко ги консултираат и традиционалните медиуми (58 %), професорите (52 %), општинската веб страна (45 %). Социјалните мрежи се подеднакво најчест извор на информирање и на студентите и на средношколците (86 %). Високи 70 % од средношколците се информираат од пријатели/роднини и врсници, додека само 7 % одговориле дека често информациите ги добиваат од граѓанските организации. Повеќе од половина од студентите се информираат преку своите врсници (58 %), додека на трето место кај оваа категорија на млади се електронските медиуми. Само 2 % од студентите одговориле дека често се информираат преку Службеникот за млади.

Во делот на култура и спорт повеќе од половина од испитаниците (51,35 %) се изјасниле дека во нивното училиште има недостиг на воннаставни активности (спорт, музика, ликовна уметност, театар и сл.), а нешто помалку од половина посочуваат на недостиг на соодветно греење во зимскиот период (46,49 %). Младите дополнително посочуваат на недостаток на образовен асистент за лица со попреченост во училиштата во општината.

68,60 % сметаат дека во Општина Кисела Вода недостасуваат забавни паркови и фестивали на отворено, додека 58,14 % посочуваат на недостаток на инфраструктура во областа на културата (кино, театар и сл.). Останатите три понудени опции исто така имаат висок процент на потврдни одговори (во ранг од 41–43%) што укажува дека постојат широк спектар на културно уметнички активности кои надлежните во општината треба да ги подобрат за да ги задоволат потребите на младите за културен живот.




**Графикон 5.** Какви културни содржини за млади во општината сметате дека се потребни

Во однос на областа здравје, мора да се потенцира дека речиси половина од испитаниците во истражувањето се изјасниле дека се соочиле со извесни предизвици по менталното здравје (47 %), но само 18 % имаат консултирано психолог/психотерапевт и само 7 % користеле лекови за ментално здравје. Тоа укажува дека независно што 68 % посочиле дека се запознаени со причините и симптомите на менталните состојби, треба уште да се работи со младите на промоција на менталното здравје, впрочем како што се изјасниле и 56,76 % од нив.

Од аспект на претприемништво, истражувањето покажа дека мнозинството од младите имаат желба да основаат сопствен бизнис, 42,16 % од испитаниците сметаат дека најголема пречка за младите на патот до претприемништвото се финансиите. За речиси 1/3 од испитаниците стравот од неуспех е тој што ги спречува младите да ризикуваат и да се обидат да

си го остварат својот сон за сопствен бизнис, додека извесна улога има и недостатокот на вештини и знаења (15,53 %) и недостигот на институционална поддршка (14,05 %).

Кога станува збор за безбедноста, мнозинство испитаници (78 %) се изјасниле дека се чувствуваат прифатено од околината, додека околу 3/4 се чувствуваат безбедно (дома, на училиште, на работното место). Оттука, не изненадуваат 67 % од испитаниците кои одговориле дека се задоволни од животот во Општина Кисела Вода (потполно или делумно). Но сепак, високи 77 % од испитаниците одговориле дека младите често се жртви на онлајн насилство. Според 45 % младите често се жртви на физичко насилство, додека загрижувачки е што 65% од испитаниците ја делат перцепцијата дека младите се насилни.

Проблемите кон кои треба да се насочи општината и кои треба да бидат разработени и во Локалната стратегија за млади се дискутираа и на фокус групата како и за време на работилниците на работната група за креирање на стратегијата. Во продолжение е дадена листа на проблеми во неколку клучни области:

**Идентификувани предизвици од областа на култура и забава**:
- Мал број на концерти во општината
- Непостоење на дискотека
- Непостоење на јавна библиотека
- Недостиг на зелени површини и паркови

**Идентификувани предизвици од областа на спортот:**
- Нема доволно спортски терени
- Нема базен
- Нема доволно трим патеки
- Мал број на спортски сали (во однос на бројот на млади во општината),

**Идентификувани предизвици од областа на насилство:**
- Булингот и психичкото насилство
- Појава на физичко и врсничко насилство

**Идентификувани предизвици од областа на вработувањето:**
- Мал број на отворени работни места за млади
- Непознавање на странски јазици потребни за вработување
- Младите не сакаат да учат стручно образование
- На пазарот се нудат работни места со мали плати
- Несоодветни образовни програми кои не кореспондираат со потребните вештини за пазарот на труд.

Преку имплементирање на стратешките цели и мерки се очекува значаен дел од овие предизвици со кои се соочуваат младите да се надминат и нивната положба значително да се подобри.

## 1.1. Профил на младите во општина Кисела Вода

Истражувањето покажа дека во општина Кисела Вода можат да се идентификуваат повеќе групи на млади и тоа:

- **Млади во средно училиште / средношколци** – оваа група на млади се најголема група која живее во општина Кисела Вода и се препознава по тоа што малку или воопшто не се запознати со можностите кои ги нуди општината, потоа многу малку се информирани за граѓанските организации или младинските организации кои функционираат во општината, а со тоа и нивниот ангажман е минимален. Она што е предизвик кај оваа група е нивната незаинтересираност и пасивност за вклучување во младински активности, и истрајноста доколку се вклучат во истата е краткотрајна и како краен предизвик е минималниот број на активности (културни и спортски) каде тие можат да се вклучат.

- **Студенти** - оваа група на млади се препознава по тоа што малку или воопшто не се запознати со можностите кои ги нуди општината (стипендии, обуки и сл.), потоа многу малку се информирани за граѓанските организации или младинските организации кои функционираат во општината, а со тоа и нивниот ангажман е минимален. Она што е предизвик кај оваа група е што голем дел  од нив иднината и просперитетот го гледаат и бараат преку политичките партии, додека останатиот дел својата иднина ја гледа надвор од државата. Она што исто така е карактеристика на оваа група е минималното учество во активности (културни и спортски) на општината, освен во одредени настани кои се организирани или поддржани од политичките партии.

- **Студенти кои не се жители на општина Кисела Вода** – во општината постои ученички дом во кој се сместени ученици и студенти кои учат и студираат во Скопје, а се жители на други општини во Р.С. Македонија.  Овој број на млади не е мал заради добрите услови кои се нудат во домот, а и во конкурентните кирии на изнајмените станови. Овие лица многу малку можат да ги користат можностите кои ги нуди општината иако егзистираат тука и тие најмногу се заинтересирани за пронаоѓање работа или побрзо завршување на студиите и заминување надвор од државата.

- **Млади кои не се жители на општина Кисела Вода** –  Овој број на млади е прилично голем заради добрите егзистенцијални услови кои се нудат во општина Кисела Вода . Овие лица многу малку можат да ги користат можностите кои ги нуди општината иако живеат и работат тука, и тие најмногу се заинтересирани за пронаоѓање на соодветна работа и перманентно останување на живеење во Скопје. Тие најчесто живеат во изнајмени станови и немаат големи приходи.

- **Млади со посебни потреби** – Иако бројот на оваа категорија на лица не е голем, сепак овие лица се дел од младите во општина Кисела Вода. Карактеристично за нив е што потешко се идентификуваат заради стереотипите и зависноста од семејството, но и заради предизвиците со кои се соочуваат во секојдневието. Постојат мал број на инклузивни можности за овие лица во заедницата, но и мал број на можности во училиштата и надвор од нив (игралишта, терени, пристапни патеки, сл). Дел од нив воопшто не се ни во образовниот процес заради попреченоста но и заради неможноста да се обезбеди поддршка во текот на нивната едукација.

## 1.2. Анализа на политички, економски, општествени, правни, технолошки и еколошки фактори (PESTLE)

**Политички фактори** – Младите во општината ја идентификуваа политиката како алатка преку која можат да остварат придобивки или да остварат некое право. Голем дел од младите својата перспектива ја гледаат низ призмата на политичките партии, додека останатите својата иднина ја гледаат надвор од Македонија. Во моментот локалната власт во општина Кисела Вода е од опозиција на централната власт и заради тоа често пати нема доволна поддршка да се реализираат дел од програмите кои можат да им бидат од корист на младите. Постојаните избори како на национално така и на локално ниво доведуваат до промени во националните и локалните институции заради што кај младите се јавува несигурност дека ќе ги остварат своите потреби и планови. ЕУ перспективата отвора можности за младите луѓе, но исто така и неизвесност во поглед на стекнувањето на статус на Република Северна Македонија како редовна членка на ЕУ. Доминацијата на политичките партии на сите нивоа во општественото живеење ги обесхрабрува младите луѓе дека нивните потенцијали ќе бидат ценети и соодветно вреднувани.

**Економски фактори** –иако општината има големи индустриски капацитети и е една од поразвиените урбани општини, сепак економската моќ на општината не е голема. Моментално општинската власт е насочена кон урбанизација и легализација на објекти, нема доволно финансиски средства да обезбеди можности за унапредување на состојбите во општината во поглед на игралишта, спортски терени, унапредување на културниот живот, но и на забавниот живот на младите. Дополнително, енергетската криза ги намалува финансиските средства и можностите на општината за поддршка на програми и активности за младите.

**Социјални фактори** – Иако општината е урбана и развиена, сепак таа нема многу места каде младите можат да ги користат за активности, социјализација или одржување на некакви настани. Во општината постојат 2 културни домови, 1 во населбата Кисела Вода и еден во населеното место Драчево. На младите им се потребни повеќе спортски терени каде можат да спортуваат, да се дружат и да организираат натпревари, но и базен заради големиот број на млади кои живеат во општината. Веќе постоечките паркови е потребно да се модернизираат и надградат како во истите би биле организирани културни и спортски настани кои ќе придонесат за збогатување на културниот живот за млади и ќе ја направат оваа општина посакувана за живеење од страна на младите.

**Технолошки фактори** – Општина Кисела Вода е урбана општина но може да се каже дека не ги следи целосно технолошките новини во поглед на комуникација со граѓаните и во поглед користење на електронски услуги и барања во општината. Веб страната е со застарен дизајн и на неа најмногу се објавуваат работи поврзани со општината, а нема посебен дел наменет за информирање на млади. Истовремено профилот на платформата Facebook е насочен најмногу за информирање за граѓаните, но не и на младите. Ниското користење на другите социјални платформи за двонасочна комуникација со младите и нивно информирање за сите можности и активности поврзани со млади е исто така слаба страна.

**Легислативни фактори** – Надлежностите на општина Кисела Вода во однос на легислативата која се однесува на младите се минимални и таа е насочена да ги спроведува законските од-

редби. Формирањето на Локален младински совет е можност за грижа за потребите на младите, како и службеникот за млади кој е вработен и функционира во рамките на општината.

**Еколошки фактори** – Во општина Кисела Вода се наоѓа еден од поголемите загадувачи на Скопје и директно влијае врз загадувањето на општината. Истовремено, големиот број на згради и објекти, дел од нив и со нерегулиран статус, влијае за лошата состојба во поглед на заштитата на животната средина. Недостатокот на паркови и зеленило дополнително ја зголемува и усложнува состојбата со загадувањето што ја прави неатрактивна за младите за живеење.

## 1.3. Анализа на засегнати страни

Во рамките на подготовката и имплементацијата на  стратегијата утврдени се повеќе локални чинители кои имаат важност и влијание врз исполнување на Локалната стратегија за млади во општина Кисела Вода.

Како најважна засегната страна е **Општината Кисела Вода** која ја изработува и усвојува Локалната стратегија за млади, а како најважно истата и ја спроведува во најголема мера заедно со останатите чинители. Затоа Општина Кисела Вода има најголема важност и најголемо влијание врз стратегијата  и нејзиното имплементирање.

**Советот на општината** има голема важност за стратегијата бидејќи истата се усвојува на седница на советот на општината. Влијанието врз истата е средно бидејќи претходно се информирани политичките партии и советниците за стратегијата и нивните забелешки може да се имплементираат во стратегијата.

**Локален младински совет (ЛМС)** претставува тело на локалната самоуправа кое го сочинуваат млади претставници на различните форми на организирање во општината, кое има советодавна и застапувачка улога за прашањата од младински интерес во локалната самоуправа. Улогата на ЛМС е огромна но влијанието е ниско заради потешкотии во  формирање на ЛМС, како и работата во него заради потенцијалното влијанието на политиката.

**Агенција за вработување** како институција има голема важност во рамките на стратегијата бидејќи таа ги креира програмите за млади за вработување, самовработување, стекнување вештини, пракса и сл. Во координација со општината таа може да креира дополнителни програми со цел активација на младите во општината во делот на подобрување на нивните вештини или стекнување на пракса во одредени компании или институции. Оперативните планови на Агенцијата за вработување на РС Македонија нуди нуди активни програми, мерки и услуги за вработување за млади лица како што се: Младински додаток, Обуки „Подготовка за вработување и за работа", Обуки за напредни ИТ вештини, Обуки за напредни ИТ вештини (со кофинансирање) за нелиценцирани одржувачи на обуки, Практикантство, Обуки „Подготовка за вработување и за работа", Гаранција за млади, Мотивациски обуки, Вработување и раст на правни субјекти, Обука на работното место за познат работодавец  Сепак нејзиното влијание е средно заради централното буџетирање и менаџирање на програмите и активностите.

**Политички партии** имаат голема важност бидејќи членовите на партиите преку нивни претставници во работните групи, ЛМС и советот на општината влијаат врз усвојување и имплементирање на стратегијата за млади, како и за одвојување на конкретен буџет на општината за младите.

**Полициските станици** имаат голема важност врз младите бидејќи тие директно се одговорни за безбедноста на младите и водат грижа за почитување на правилата во општината. Исто така, нивната важност е голема и заради соработката со општината во делот на безбедноста на младите, но и во делот на информирање и влијаење за одредени штетни појави (алкохолизам, насилство, користење на опијати, сл). Влијанието е средно заради мешањето на политиката и понекогаш недоволна соработка помеѓу општината и полицијата или пак бавната комуникација.

**Граѓанскиот сектор** има за цел да влијае на општествените политики за младите, односно со своето делување и придонес да оформува општество, кое ќе биде длабоко втемелено на вистински вредности. Важноста на граѓанските организации е голема, но нивното влијание врз имплементирањето на стратегијата врз младите е средно заради малиот процент на млади кои се активно вклучени во граѓански организации, но и заради нивниот низок степен на ангажман.

## 1.4. SWOT Анализа

Во овој дел, анализите направени во претходните делови од стратешкиот документ се организирани и презентирани преку SWOT алатката (силни и слаби страни, можности и закани). SWOT анализата дава јасна слика за силните и слабите страни на една локална самоуправа, во случајов општината Кисела Вода, како и можностите и заканите кои општината би требало да ги земе во предвид при планирање на развојот. Силните и слабите страни на SWOT анализата генерално се однесуваат на внатрешната сегашна состојба на локалната самоуправа, додека можностите и заканите се генерално надворешни влијанија врз кои општината нема директна моќ.

Кога зборуваме за силните страни во анализата мора да се споменат постоењето на Културниот дом Биљана Беличанец како простор за младите при што  истиот има билетарница, јавни тоалети, пацио каде може да се организираат изложби, библиотека, административни канцеларии, музичка просторија, како и простории за озвучување на настаните, за костими, за сценографија, за вежбање, проби. Мора да се потенцира дека Културниот дом е во фаза на реконструкција и во 2023 година треба да биде целосно функционален. Силна страна на општината е и повеќе-наменската спортска сала во која се одржуваат различни натпреварувања во повеќе спортови, но и различни манифестации. Како силна страна на општината влегува и студентскиот дом каде се сместени средношколци и студенти кои учат во Скопје а се од внатрешноста на државата. Потоа како силни страни во спроведување на стратегијата мора да се посочат градоначалникот кој е младо лице и кој ги поддржува сите активности кои се во насока на подобрување на положбата на младите во општината, службеникот за млади, како потенцијалот за функционален Локален младински совет кој наскоро ќе се формира како законска обврска на секоја општина,

вклучувајќи го и буџетот кој се одвојува за реализирање на активностите во рамките на стратегијата.

Како предизвици со кои се соочува општината во делот на имплементацијата на активности за млади, највисоко котира недоволниот буџет за спроведување на младински активности бидејќи енергетската криза и високите сметки за топлинска енергија и греење ги кратат средствата за останатите активности. Втор голем предизвик со кој се соочува општината е моменталната недоволна функционалност на културниот дом поради неодржување и делумно пропаѓање на истиот. Голем предизвик претставува и ниската комуникација на општината со младите и несоодветно користење на каналите за комуникација и социјалните платформи што доведува до ниска информираност на младите за проектите, можностите кои ги нуди општината и крајно доведува до нивна пасивност и незаинтересираност.

| | | |
|---|---|---|
| | **ЈАКИ СТРАНИ** | **СЛАБИ СТРАНИ** |
| **ВНАТРЕШНИ** | • Просторен капацитети на Култрен дом „Биљана Беличанец“<br>• Спортска сала<br>• Студентски дом за сместување<br>• Политичка волја за Буџет за млади во рамките на општината<br>• Активен младински кадар во невладините организации<br>• Контакт личност за млади во општината<br>• Стручен кадар во основните и средните општини<br>• Дом за сместување на млади што учат и студираат во Скопје<br>• Млад градоначалник | • Недоволна информираност на младите<br>• Незаинтересираност на младите за различни активности и настани<br>• Недоволна комуникација на општината со младите<br>• Мал буџет за младински активности<br>• Висока стапка на невработеност на млади во општината<br>• Моментална нефункционалност на културниот дом „Билјана Беличанец„ |
| | **МОЖНОСТИ** | **ЗАКАНИ** |
| **НАДВОРЕШНИ** | • Креирање на информациски центар.<br>• Инвестиции во општината од страна на странски компании<br>• Изградба на станбено деловен комплекс за млади<br>• Спроведување на поголем број на активности<br>• Реконструкција на културниот центар и воведување на нови услуги и содржини<br>• Вмрежување со бизнис компании за поддршка за волонтирање и пракса | • Зголемена миграција на младите (brain drain)<br>• Континуирано намалување на буџет за млади<br>• Енергетска криза |

# 2. СТРАТЕШКА РАМКА

## Главната цел на стратегијата:

Активно вклучување на младите во општествениот и културниот живот и подобрување на социо-економските услови во општина Кисела Вода.

## 2.1. Младинско учество

Младинско учество претставува процес кој им овозможува на младите учество и заедничко носење на одлуки за политики и програми кои директно или индиректно го обликуваат животот на младите. Младинското учество е регулирано со Закон за младинско учество и младински политики. Во согласност со законот треба да се формира национално советодавно тело за младински политики, кое во моментот на изработка на стратегијата е во процес на формирање. На локално ниво, во согласност со законот, општините имаат обврска да формираат локални младински совети, канцеларија за млади, младински центар и да назначат службеник за млади.

| ОБЛАСТ 1 – МЛАДИНСКО УЧЕСТВО | |
|---|---|
| **Стратешка цел 1.1: Зајакнати капацитети на младите за активно учество во процесите на донесување одлуки на локално ниво** | |
| **Резултати** | **Индикатори** |
| 1.1.1 Младите во општината се запознати со можностите да влијаат во процесите на креирање локални политики | • Број на млади вклучени во консултативни настани за локални младински прашања |
| 1.1.2 Младите во општината поднесуваат иницијативи за решавање на нивните проблеми | • Број на поднесени граѓански иницијативи од млади |
| **Мерки по цел 1.1:**<br>- Организирање на консултативни настани<br>- организирање на информативни сесии за млади како да влијаат врз креирањето политики<br>- едукација на младите и поддршка во подготовка на граѓански иницијативи. | |
| **Стратешка цел 1.2: Зголемен број на младински иницијативи** | |
| **Резултати** | **Индикатори** |
| 1.2.1 Изработени младински иницијативи преку кои се решаваат младински проблеми | • Број на младински иницијативи |
| 1.2.2 Подобрена презентација и промоција на младински организации | • Број на организации на учесници на саем на НВО |
| 1.2.3 Зголемено членство во младински организации и младински мрежи | • Број на вмрежувања во младински мрежи |
| **Мерки по цел 1.2:**<br>- поддршка за изработка на иницијативи<br>- организирање на саем<br>- промотивни активности на младинските организации. | |

## 2.2. Младинско информирање

Како еден од клучните сегменти е и  тематската област младинско информирање, при што како долгорочна цел се очекува да биде воспоставен систем за младинско информирање на локално и на национално ниво со механизми за одржлив развој (зајакнати капацитети, зголемен квалитет и квантитет). Во согласност со тоа, Општина Кисела Вода има обврска како и право да издвои буџет и да преземе активности преку кои би го подобрила информирањето на младите.

| ОБЛАСТ 2 – МЛАДИНСКО ИНФОРМИРАЊЕ | |
|---|---|
| **Стратешка цел 2.1: Подобрено информирање на младите за можности и информации од нивни интерес** | |
| **Резултати** | **Индикатори** |
| 2.1.1 Изработен Младински информатор | • Број на изданија на младинскиот информатор |
| 2.1.2 Изработени и активни профили на социјалните мрежи | • Број на следбеници на профилите<br>• Број на објави на неделна база |
| 2.1.3 Промовирани можности за информирање на младите | • Број на млади запознати со можностите за информирање |
| **Мерки по цел 2.1:**<br>- подготовка и дизајн на младински информатор<br>- подготовка, дизајн и активирање на профили на социјалните мрежи<br>- обработка и дистрибуција на содржини преку младинскиот информатор и профилите на социјалните мрежи<br>- активности за промоција на можностите за информирање | |

## 2.3. Младинска работа

Локалната младинска работа претставува организиран и системски процес на едукација и поддршка на автентичен развој на младите со цел на остварување на нивниот целокупен личен, социјален и општествен потенцијал. Општина Кисела Вода во согласност со долгорочните цели кои ги има треба да работи на осигурување на квалитетна и достапна понуда на младинска работа на територијата на Општина Кисела Вода.

| ОБЛАСТ 3 – МЛАДИНСКА РАБОТА | |
|---|---|
| **Стратешка цел 3.1: Зголемена активност преку јакнење на меките вештини на младите луѓе** | |
| **Резултати** | **Индикатори** |
| 3.1.1 Зајакнати комуникациски вештини на младите луѓе кои живеат во општина Кисела Вода | • Број на млади учесници на обуки за комуникациски вештини |
| 3.1.2 Обучени млади за младинско учество | • Број на млади учесници на обуки за младинско учество |
| 3.1.3 Обучени млади за волонтерство | • Број на млади кои волонтирале во НВО, општина, компании |
| **Мерки по цел 3.1:**<br>- организирање обуки за комуникациски вештини, младинско учество и волонтерство | |

## 2.4. Образование

Образованието е двигател во секое општество и има клучно значење за младите, бидејќи преку него се стекнуваат со знаење и вештини кои понатаму придонесуваат за нивен личен, професионален и социјален развој, а сето тоа им обезбедува квалитетен живот. Законската рамка за тематската област – образование, која се однесува на младите е опфатена со Закон за средно образование, Закон за високо образование, Закон за локална самоуправа и Стратегија за образованието 2018 – 2025 година.

| **ОБЛАСТ 4 – ОБРАЗОВАНИЕ** | |
|---|---|
| **Стратешка цел 4.1: Зголемена информираност на младите за образовните можности** | |
| **Резултати** | **Индикатори** |
| 4.1.1 Поставени и достапни информации за образовни можности на порталот на општината | • Број на објави за образовни можности |
| 4.1.2 Објавени образовни можности на профилите на социјалните мрежи | • Број на прегледи на профилите на социјалните мрежи |
| 4.1.3 Зголемен број на апликации за стипендии, обуки, програми од страна на млади во Кисела Вода | • Процент на зголемување на бројот на апликации за различни програми |
| **Мерки по цел 4.1:**<br>- креирање објави за образовни можности<br>- промоција на образовните можности преку настани, дебати и информативни средби<br>- помош и поддршка на младите за подготовка на апликации за стипендии, обуки и сл. | |
| **Стратешка цел 4.2: Зголемена соработка на образовните институции со образовни институции од други општини и држави** | |
| **Резултати** | **Индикатори** |
| 4.2.1 Потпишани меморандуми за соработка | • Број на потпишани меморандуми за соработка |
| 4.2.2 Подготвени и аплицирани проекти за зајакнување на квалитетот на образованието | • Број на поднесени проекти |
| **Мерки по цел 4.2:**<br>- Воспоставување контакти со други образовни институции<br>- посета на образовни институции<br>- работилници за подготовка на заеднички проекти и имплементација<br>- финансиска поддршка на младински организации за проекти од образование | |

## 2.5. Култура и спорт

Овие тематски области законски се регулирани со Закон за култура, Закон за спорт, Закон за локална самоуправа. Општина Кисела Вода во согласност со законот за локална самоуправа, има законска обврска да се грижи за спортот во истата, да придонесува за развојот на масовниот спорт и рекреативните активности, да организира спортски приредби и манифестации, да гради спортски објекти и да се грижи за одржувањето на истите, да ги поддржува спортските сојузи

| ОБЛАСТ 5 – КУЛТУРА И СПОРТ | |
|---|---|
| **Стратешка цел 5.1: Подобрена културна понуда за младите во општина Кисела Вода** | |
| **Резултати** | **Индикатори** |
| 5.1.1 Зголемен број на културни настани во општината | • Број на културни настани кои годишно се поддржани од општината |
| 5.1.2 Отворен и функционален клуб на млади во рамките на КЦ Билјана Беличанец | • Отворен клуб за млади каде млади лица творат |
| 5.1.3 Зголемен број на претстави во КЦ Биљана Беличанец | • Број на претстави кои месечно се одржуваат во КЦ |
| **Мерки по цел 5.1:**<br>- подготовка на годишна културна програма<br>- опремување на младински клуб<br>- изработка на програма за младинскиот клуб<br>- лобирање за издвојување средства за работа на младинскиот клуб<br>- подготовка на театарска програма<br>- организирање на настани за деца<br>- поетски читања и сл. | |
| **Стратешка цел 5.2: Подобрена спортска понуда за младите во општина Кисела Вода** | |
| **Резултати** | **Индикатори** |
| 5.2.1 Одржан традиционален меморијален турнир во фудбал на годишно ниво | • Број на екипи од општина КВ кои учествувале на турнирот |
| 5.2.2Одржан меморијален турнир во баскет (3 x 3) на годишно ниво | • Број на екипи од општина КВ кои учествувале на турнирот |
| **Мерки по цел 5.2:**<br>- воспоставување на редовна манифестација турнир во фудбал и баскет на годишно ниво<br>- поддршка за формирање на спортски екипи како и поддршка при процес на пријавување<br>- обезбедување спонзорства и донации и сл. | |

## 2.6. Здравје

Тематската област - здравје е регулирана со голем број на закони и подзаконски акти како што се Закон за здравствена заштита; Закон за здравствено осигурување; Закон за ментално здравје; Закон за јавно здравје; Закон за заштита од пушење; Закон за прекинување на бременоста; Закон за заштита на населението од заразни болести и сл.

| ОБЛАСТ 6 – ЗДРАВЈЕ | |
|---|---|
| **Стратешка цел 6.1: Подигање на свеста на младите луѓе за крводарителство** | |
| **Резултати** | **Индикатори** |
| 6.1.1 Одржани крводарителски акции во кои се вклучени младите од општината | • Број на одржани крводарителски акции<br>• Број на млади лица крводарители во акциите |
| **Мерки по цел 6.1:**<br>- промоција на важноста на крводарителството<br>- организирање на крводарителски акции<br>- анимирање на млади за учество во крводарителски акции и сл. | |
| **Стратешка цел 6.2: Подигање на свеста за јавното здравје** | |
| **Резултати** | **Индикатори** |
| 6.2.1 Подобрени знаења и информации на младите за сексуално образование | • Број на млади опфатени со кампањата за СО |
| 6.2.2 Подобрени знаења и информации на младите за ментално здравје | • Број на млади опфатени со кампањата за ментално здравје |
| 6.2.3 Подобрени знаења и информации на младите во однос на болестите на зависност | • Број на млади опфатени со кампањата за борба против зависности |
| **Мерки по цел 6.2:**<br>- спроведување на кампањи за сексуално образование, ментално здравје и борба против зависности<br>- организирање на обуки, промотивни активности, настани во живо, настани на социјалните мрежи<br>- Креирање и дисеминација на информативен материјал и сл. | |

## 2.7. Претприемништво и поддршка при вработување

Вработувањето на младите претставува многу важен фактор за осамостојувањето на секој млад човек и постигнување на финансиска и социјална независност. Законската рамка со која се регулира оваа тематска област се: Закон за вработување и осигурување во случај на невработеност, Закон за работни односи, Закон за младински додаток.

| ОБЛАСТ 7 – ПРЕТПРИЕМНИШТВО И ПОДДРШКА ПРИ ВРАБОТУВАЊЕ | |
|---|---|
| **Стратешка цел 7.1: Зајакнати претприемнички вештини кај младите** | |
| **Резултати** | **Индикатори** |
| 7.1.1 Подобрени вештини кај младите за изработка на бизнис план | • Број на одржани обуки;<br>• Број на млади вклучени во обуките за претприемништво |
| 7.1.2 Подобрена информираност на младите за можностите на финансирање на бизнисите | • Број на одржани презентации;<br>• Број на опфатени млади со презентациите |
| 7.1.3 Подобрена информираност кај младите за мерките за вработување на млади | • Број на одржани презентации на мерките од страна на Агенција за вработување |
| **Мерки по цел 7.1:**<br>- организација на обуки за претприемништво<br>- организирање на (две) презентации за можности за вработување и едукација<br>- организирање презентации за можности за финансирање на бизниси | |
| **Стратешка цел 7.2: Воспоставен систем за поддршка на младите луѓе за практикантска работа** | |
| **Резултати** | **Индикатори** |
| 7.2.1 Потпишани меморандуми за пракса во јавни претпријатија | • Број на потпишани договори со јавни претпријатија |
| 7.2.2 Потпишани меморандуми за пракса во приватни компании | • Број на потпишани договори со приватни компании |
| 7.2.3 Воведена пракса во Општина Кисела Вода | • Број на млади практиканти во општина Кисела вода |
| **Мерки по цел 7.2:**<br>- подготовка на програма за практикантство во јавни компании и приватни компании<br>- подготовка на програма за практикантство во општината<br>- промоција на можностите помеѓу младите | |

## 2.8. Безбедност

| ОБЛАСТ 8 – БЕЗБЕДНОСТ | |
|---|---|
| **Стратешка цел 8.1: Намален број случаи на врсничко насилство** | |
| **Резултати** | **Индикатори** |
| 8.1.1 Зајакнати знаења и информации кај младите за булинг и врсничко насилство | • Број на пријави за врсничко насилство |
| 8.1.2 Потпишан меморандум за соработка со ПС Кисела Вода | • Број на полициски патроли пред училиштата и автобуските постројки |
| 8.1.3 Потпишан меморандум за соработка со ЈСП | |
| **Мерки по цел 8.1:**<br>- Подготвени и реализирани медиумски кампањи за врсничко насилство<br>- одржани презентации и јавни дебати | |

# 3. УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ

Во последно време општините придаваат се поголемо значење на управувањето со ризиците и поставувањето на соодветен систем на управување и контрола на истите преку соодветни политики, правила и постапки, во насока на успешно остварување на целите на организацијата. Управувањето со ризиците во имплементирањето на Локалната стратегија за млади, всушност се активности кои се вклучени во мониторингот и контролирањето, со кои што ќе се утврдуваат евентуалните слабости во постигнување на стратешките цели. Ризиците кои се утврдени може да имаат негативно влијание врз остварувањето на стратешките цели, поради што ќе се даваат препораки како тие ризици да се надминат.

Како главни ризици кои се појавуваат во имплементирањето на Локалната стратегија за млади од СВОТ анализата се:

- Заминување на младите во странство (brain drain)
- Намалување на буџет за младински активности
- Енергетска криза

Првиот ризик кој има огромно влијание и огромна важност е заминување на младите во странство т.н. одлив на мозоците, а со тоа и стареење на населението во општината. Ова е еден од најголемите проблеми и еден од најголемите предизвици во Македонија. Справувањето со оваа закана во најголема мера зависи од политичката и економската ситуација во државата, но сепак општина Кисела Вода може со одредени мерки да помогне да се привлечат млади да се населат во општината и да се минимизира тој предизвик. Една од можностите е предвидениот проект преку јавно приватно партнерство, со кој ќе се изгради мини населба во општината каде приоритет ќе имаат младите и каде ќе можат да го решат своето егзистенцијално прашање преку субвенционирани цени. Второ, преку целосно урбанизирање и создавање на услови за добар живот преку изградбата на патеки, спортски игралишта, зелени паркови, но и нови додадени инфраструктури објекти како базен, јавни библиотеки можат да придонесат за стопирање на овој тренд.

Вториот ризик е намалување на буџетот на општината за младите каде  финансиските средства се недоволни за реализација на сите проекти, но и за намалување на бројот на активности кои можат да се реализираат во стратегијата. Справувањето со овој ризик ќе се надмине преку активна поддршка и финансиска поддршка на општината во аплицирање на проекти и програми кај странски амбасади, меѓународни организации и програми како Обединетите нации (УНДП, УНИЦЕФ, УНФПА), Европската Унија (на пример ИПА програмата) и УСАИД со цел обезбедување на средства кои ќе помогнат во имплементирањето на предвидените активности. Дополнително во соработка со граѓанскиот сектор општината може заеднички да подготвува и имплементира проекти и програми со цел реализирање на активностите од стратегијата.

Трет ризик кој има големо влијание врз стратегијата е енергетската криза и зголемување на трошоците за оваа ставка која кај одделни субјекти во општината која достигнува и до 300 % споредбено со претходните месеци. Како мерка за справување со овој ризик е подготовка на јавни кампањи за штедење на струја, но и барање за можности за намалување на сметките преку иновативни решенија кои би биле подготвени од младите.

# 4. МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА НА СТРАТЕГИЈАТА

За Локалната стратегија за млади 2023 – 2027 и Акцискиот план е одговорно Одделението за млади и невладини организации на Општина Кисела Вода, кое функционира во рамките на Секторот за јавни дејности, потоа градоначалникот на Општина Кисела Вода, Советот на Општина Кисела Вода, како и соодветните сектори и нивните одделенија. Одделението за млади и невладини организации на Општина Кисела Вода ќе го координира и мониторира извршувањето на Локалната стратегија за млади и ќе биде одговорно за:

- Детално операционализирање на активностите и за конкретните цели од акцискиот план;
- Одредување тим за имплементација на Акциониот план;
- Координирање активности за имплементација на проектите;
- Одобрување на проектите (активностите)
- Мониторинг (следење и контрола) на акциониот план, дефинирање и имплементација на проектите и активностите ;
- Интервенции и контролни мерки за секој проект одделно при имплементацијата;
- Подготовка на квартален и годишен план на активности до Советот на Општина Кисела Вода и Градоначалникот.

Одделението за млади и невладини организации на Општина Кисела Вода, ќе ја следи имплементацијата на Локалната стратегија за млади и Акцискиот план за период 2023–2024 на Општина Кисела Вода. Предвидени се две евалуации за оценка на остварувањето на целите од стратегијата за млади и тоа една периодична евалуација и една финална евалуација по истекот на периодот за кој се подготвува стратегијата.

# 5. КОМУНИКАЦИЈА И ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ

Во рамките на стратегијата за развој на општината, изработена е програма и предвидени се повеќе активности со цел Подобрување на комуникацијата со граѓаните и младите. Истата содржи вкупно три цели.

## 5.1. Е-комуникација

Стратегиската цел Е-комуникација претставува овозможување и достапност на Е-услуги на граѓаните, како и реализирање на проект за поставување на безжичен интернет на фреквентни места во општината. Во време на развој на технологијата, кога е-комуникацијата станува неопходност, потребно е на граѓаните да им се овозможи достапност до интернет.

## 5.2. Јакнење на капацитетот за работа со млади

Преку вклучување во проекти, волонтерски содржини и креирање на настани за професионално насочување на младите, би се остварила стратегиската цел јакнење на капацитетот за работа со млади.

Во делот на Јакнење на капацитетот за работа со млади и нивно комуницирање т.е. информирање предвидени се повеќе активности кои се наведени во делот на Младинско информирање и стратешката цел:

- **Изработен Младински информатор** – креирање на посебен сегмент во рамките на веб порталот на општина Кисела вода кој би излегувал на месечна база и би имал информации поврзани со млади, активности, новости, тренинзи, обуки, повици и сл
- **Изработени и активни профили на Социјалните мрежи** – предвидено е да се изработат профили на социјалните мрежи Facebook, Instagram и Twitter каде ќе се споделуваат информации релевантни за младите во Кисела Вода и каде следачи (followers) би биле младите од Кисела Вода. Истражувањето покажа дека младите најмногу се информираат од социјалните медиуми, па затоа ова ќе биде еден од начините општината да се доближи повеќе до младите и има двонасочна комуникација со нив.

Проектот е финансиран од Европската Унија

ЕУ со ТЕБЕ

СЕГА
Коалиција на младински организации
www.sega.org.mk

„Младинско учество за силен и одржлив развој на заедницата"

ВОЛОНТЕРСКИ ЦЕНТАР СКОПЈЕ

СОС ДЕТСКО СЕЛО
Ниту едно дете не треба да расте само

forumi i gruas
женски форум
women's forum